ISCTBL 2022

INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

Факултет за туризам и бизнис логистика

Goce Delchev University Shtip

Faculty of Tourism and Business Logistics

Петта Меѓународна Научна Конференција

Fifth International Scientific Conference

# ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО ТУРИЗМОТ И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО 21 ВЕК

# CHALLENGES OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS IN THE 21ST CENTURY

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

## CONFERENCE PROCEEDINGS

**Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип**

**Факултет за туризам и бизнис логистика**

**Goce Delcev University Shtip**

**Faculty of Tourism and Business Logistics**

**Петта Меѓународна Научна Конференција**

**Fifth International Scientific Conference**

# ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО ТУРИЗМОТ И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО 21 ВЕК

# CHALLENGES OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS IN THE 21ST CENTURY

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

## CONFERENCE PROCEEDINGS

30 април 2022 г. / April 30, 2022

**Издавач:**
Факултет за туризам и бизнис логистика
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
Крсте Мисирков, 10-А, 201, 2000, Штип, РС Македонија
Тел: +389 32 550 350
www.ftbl.ugd.edu.mk
www.ugd.edu.mk

**За издавачот:** д-р Татјана Бошков, декан

**Организатор на конференцијата:** Факултет за туризам и бизнис логистика
**Уредник:** д-р Татјана Бошков, декан
**Тираж:** 146
**Година на издавање:** 2022

**Publisher:**
Faculty of Tourism and Business Logistics
Goce Delchev University of Shtip
“Krste Misirkov” no.10-A P.O. Box 201 Shtip 2000, North Macedonia
Tel: +389 32 550 350
www.ftbl.ugd.edu.mk
www.ugd.edu.mk

**For the Publisher:** Tatjana Boshkov, Ph.D. – Dean

**Conference Organizator:** Faculty of Tourism and Business Logistics
**Editor:** Tatjana Boshkov, Ph.D. – Dean
**Print circulation**: 146
**Year of publication:** 2022

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека Св. „Климент Охридски“, Скопје

338.48(062)
658.6/.8:164(062)

МЕЃУНАРОДНА Научна Конференција (5 ; 2022 ; [Штип])
Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век : зборник на трудови / Петта меѓународна научна конференција, 30 април 2022 г . ; [уредник Татјана Бошков] = Challenges of tourism and business logistics in the 21st century : conference proceedings / Fifth international scientific conference, April 30, 2022 ; [editor Tatjana Boshkov]. - Штип
: Универзитет "Гоце Делчев"- Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика = Shtip : University "Goce Delchev" -Shtip, Faculty of tourism and business logistics : Факултет за туризам и бизнис логистика = Faculty of Tourism and Business Logistics, 2022. - [274] стр. : илустр.
; см

Фусноти кон текстот. - Трудови на мак. и англ. јазик. - Библиографија кон одделни трудови. - Abstracts. - Резимеа

ISBN 978-608-244-891-6
а) Туризам -- Собири б) Синџир на снабдување -- Логистички системи -- Собири
COBISS.MK-ID 57409541

**Организациски комитет:**
Проф. д-р. Татјана Бошков, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Доц. д-р. Наташа Митева, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Доц. д-р Цветанка Ристова Магловска, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Доц. д-р. Душко Јошески, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Доц. д-р. Душица Попова, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија

**Меѓународен програмски комитет:**
Проф. д-р. Татјана Бошков, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Доц. д-р. Наташа Митева, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Доц. д-р. Цветанка Ристова Магловска, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Доц. д-р. Душко Јошески, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Доц. д-р. Душица Попова, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Мишко Џидров, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Машински факултет, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Никола В. Димитров, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Цане Котески, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Александра Жежова, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Зоран Темелков, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
д-р Билјана Цоневска Гуњовска, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Тања Ангелкова Петкова, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Доц. д-р. Оливер Филипоски, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Доц. д-р Христина Серафимовска, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Република Северна Македонија
Проф. д-р Слаџана Стојановска, Факултет за Бизнис Економија, Скопје, Република Северна Македонија
Проф. д-р Димитар Ковачевски, Универзитет Американ Колеџ Скопје, Република Северна Македонија
Доц. д-р. Васко Шутаров, МИТ Универзитет, Факултет за безбедност, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Глигор Бишев, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, Економски факултет Прилеп, Република Северна Македонија

Проф. д-р. Мадалина Теодора Андреи, Универзитет Хиперион, Факултет за општествени, хуманистички науки и природни науки, Оддел за географија, Романија
Проф. д-р. Соња Квирога, Универзитет Алкала, Оддел за економија, Шпанија
Проф. д-р. Алиса Флеишер, Хебрејскиот универзитет Јерусалим, Роберт Х. Смит, Факултет за земјоделие, Храна и Животна средина, Оддел за економија на животна средина и управување, Израел
Проф. д-р. Ноам Шовал, Хебрејски универзитет Ерусалим, Факултет за општествени науки, Оддел за географија, Израел
Проф. д-р. Нурија Елиса Морере Молинеро, Универзитет Реј Хуан, Шпанија
Проф. д-р. Никола Хурвулиадес, Американ Колеџ Солун, Грција
Проф. д-р. Донила Пипа, Универзитет Марин Барлети, Економски факултет, Албанија
Проф. д-р. Мохамед Фуад, Ариш Универзитет, Факултет за уметност, Египет
Проф. д-р. Френсис Вериза, Универзитет Толиара, Факултет за оппштествени науки, Мадагаскар
Проф. д-р. Октавиан Сербан, Букурешки Универзитет за Економија, Факултет за храна од земјоделие и економија на животната средина, Романија
Проф. д-р. Сабина Георгечи, Асоцијација за промоција на туризмот, Дробета Турму-Северин, Романија
Проф. д-р. Серафима Роскова, Молдовска академија за науки, Академија за економски науки на Молдавија, Република Молдавија
Проф. д-р. Стела Дерменциева, Универзитет на Велико Трново Свети „Кирил и Методиј", Оддел за Географија, Бугарија
Проф. д-р. Марта Боровска Стефанска, Универзитет во Лоџ, Факултет за Географски науки, Институт за градежна средина и Просторна, Полска
Проф. д-р. Јулиана Поп, Универзитет за економски студии, Факултет за бизнис и туризам, Романиа
Проф. д-р. Елена Тома, Универзитет Хиперион, Факултет за општествени, хуманистички науки и природни науки, Оддел за географија, Романија
Проф. д-р. Ирина Лазар, Универзитет Хиперион, Факултет за општествени, хуманистички науки и природни науки, Оддел за географија, Романија
Проф. д-р. Озгур Јерли, Дужче Универзитет, Факултет за Шумарство, Оддел за пејсажи, Турција
Доц. д-р. Жарко Радјеновиќ, Универзитет во Ниш, Центар за иновации, Србија
Проф. д-р. Драго Цвијановиќ, Универзитет во Крагујевац, Факултет за Хотелски менаџмент и Туризам Врњачка Бања, Србија
Проф. д-р. Дарко Димитровски, Универзитет во Крагујевац, Факултет за Хотелски менаџмент и Туризам Врњачка Бања, Србија
Проф. д-р. Серџо Чипола, Универзитет во Палермо, Силиција, Италија
Доц. д-р. Марија Белиј Радан, Универзитет во Белград, Факултет за географија, Србија
Доц. д-р. Андреј Мичовиќ, Универзитет во Крагујевац, Факултет за Хотелски менаџмент и Туризам Врњачка Бања, Србија
Проф. д-р. Светлана Станкова, Универзитет во Шумен „Св. Константин Преславки", Факултет за природни науки, Оддел за географија, регионален развој и туризмот, Шумен, Бугарија

**Organizational committee:**
Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Assist. Prof. Natasa Miteva, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Assist. Prof. Cvetanka Ristova Maglovska, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Assist. Prof. Dusko Joseski, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Assist. Prof. Dusica Popova, Ph.D., Dusica Popova, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

**International program committee:**
Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Assist. Prof. Natasa Miteva, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Assist. Prof. Cvetanka Ristova Maglovska, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Assist. Prof. Dusko Joseski, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Assist. Prof. Dusica Popova, Ph.D., Dusica Popova, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Prof. Misko Djidrov, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Mechanical Engineering, Stip, North Macedonia
Prof. Nikola V. Dimitrov, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Prof. Cane Koteski, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Prof. Aleksandra Zezova, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Prof. Zoran Temelkov, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Biljana Conevska Gunjovska, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Prof. Tanja Angelkova Petkova, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Assist. Prof. Oliver Filiposki, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Assist. Prof. Hristina Serafimovska, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia
Prof. Slagjana Stojanovska, Integrated Business Faculty, Skopje, North Macedonia
Prof. Dimitar Kovacevski, Ph.D., School of Business Economics and Management, University American College Skopje, North Macedonia
Assist. Prof. Vasko Sutarov, Ph.D., MIT University, Faculty of Security Sciences, North Macedonia

Prof. Gligor Bishev, Ph.D., St. Clement of Ohrid University of Bitola, Faculty of Economics, Prilep, North Macedonia
Prof. Madalina Teodora Andrei, Ph.D., Hyperion University, Faculty of Social, Humanities and Natural Sciences, Department of Geography, Romania
Prof. Sonia Quiroga, Ph.D., University of Alcalá, Depatment of Economics, Spain
Prof. Aliza Fleischer, Ph.D., The Hebrew University of Jerusalem, The Robert H. Smith Faculty of Agriculture, Food and Environment, Department of Environmental Economics and Management, Israel
Prof. Noam Shoval, Ph.D., The Hebrew University of Jerusalem, Faculty of Social Sciences, The Department of Geography, Israel
Prof. Nuria Elisa Morère Molinero, Ph.D., Universidad Rey Juan Carlos, Catedrática Historia Antigua, Spain
Prof. Nikolas Hourvouliades, Ph.D., American College of Thessaloniki, Greece
Prof. Donila Pipa, Ph.D., Marin Barleti University, Faculty of Economy, Albania
Prof. Mohamed Fouad, Ph.D., Arish University, Faculty of Arts, Egypt
Prof. Francis Veriza, Ph.D., University of Toliara, Faculty of Lettets and Human Sciences, Madagascar
Prof. Octavian Serban, Ph.D., Bucharest University of Economic Studies, Faculty of Agrifood and Environmental Economics, Romania
Prof. Sabina Gheorgheci, Ph.D., Mehedinți Tourism Promotion Association, Drobeta Turnu-Severin, Romania
Prof. Serafima Roșcovan, Ph.D., Moldova Academy of Science, Academy of Economic Studies of Moldova, Republic of Moldova
Prof. Stella Dermendzhieva, Ph.D., University of Veliko Turnovo St Cyril and St. Methodius, Department of Geography, Bulgaria
Prof. Marta Borowska-Stefanska, Ph.D., University of Lodz Faculty of Geographical Sciences, Institute of the Built Environment and Spatial Policy, Poland
Prof. Iuliana Pop, Ph.D., University of Economic Studies, Faculty of Business and Tourism, Romania
Prof. Elena Toma, Ph.D., Hyperion University, Faculty of Social, Humanities and Natural Sciences, Department of Geography, Romania
Prof. Irina Lazăr, Ph.D., Hyperion University, Faculty of Social, Humanities and Natural Sciences, Department of Geography, Romania
Prof. Ozgur Yerli, Ph.D., Duzce University, Faculty of Forestry, Department of Landscape, Architecture, Turkey
Assist. Prof. Zarko Radjenovic, Ph.D., University of Nis, Innovation Center, Serbia
Prof. Drago Cvijanović, Ph.D., University of Kragujevac, Faculty of Hotel Management and Tourism in Vrnjacka Banja, Serbia
Prof. Darko Dimitrovski, Ph.D., University of Kragujevac, Faculty of Hotel Management and Tourism in Vrnjacka Banja, Serbia
Prof. Sergio Cipolla, Ph.D., University of Palermo, Italia
Assist. Prof. Marija Belij, Ph.D., University of Belgrade, Faculty of Geography, Serbia
Assist. Prof. Andrej Mićović, Ph.D., University of Kragujevac, Faculty of Hotel Management and Tourism in Vrnjacka Banja, Serbia
Prof. Svetlana Stankova, University of Shumen "Konstantin Preslavski", Faculty of natural science, Department of geography, regional development and tourism, Bulgaria

## PANEL SESSION
## Challenges and implications of COVID-19: reducing disparities and addressing distributional impacts in different sectors

Session chair: Tatjana Boshkov, Assoc.professor and Dean at Faculty of tourism and business logistics, ,,Goce Delcev University – Stip, N. Macedonia

Panelists

1. Prof. Dr. Tamara Klicek, Ph.D., International Programme on Urban Governance IPUG, National Taipei University, Taiwan
2. Prof. Dr. Madalina-Teodora Andrei, Ph.D., “Spiru Haret” University, Faculty of Geography, Bucharest, Romania
3. Prof. Dr. Mirela-Elena Mazilu, Ph.D. Department of Geography
4. Director of Research Center in Innovative and Regional Tourism, University of Craiova, Romania
5. Dr. Nikolina Vrcelj, Ph.D., Executive Director, Association of Economists and Managers of the Balkans, headquartered in Belgrade, Serbia
6. Prof. Dr. Kemal Cebeci, Marmara University, Faculty of Economics, Department of Public Finance, Director of MIRDEC, Istanbul, Turkey
7. Prof. Dr. Rabi Narayan Kar, Ph.D., FCS, Professor-Principal SLC, University of Delhi, Delhi, India
8. Prof. Dr. Paulo Reis Mourao, Ph.D., Department of Economics & NIPE, Economics & Management School, University of Minho, Braga – Portugal
9. Prof. Dr. Mazhar Abbas Ph.D. , Department of Management & MIS, College of Business Administration, University of Hail, Kingdom of Saudi Arabia
10. Prof. Dr. Kanita Imamović-Čizmić, Ph.D., Department of Legal and Economic Sciences, University of Sarajevo-Faculty of Law, BiH
11. Prof. Dr. Slagjana Stojanovska, Ph.D., Integrated Business Faculty, Skopje, Republic of N. Macedonia
12. Prof. Dr. Slavi Dimitrov Ph.D., Department of Tourism, Deputy Dean of the Faculty of Economics, "St. Cyril and Methodius" University of Veliko Tarnovo, Bulgaria
13. Dr. Žarko Rađenović, Research Associate, University of NišInnovation Center, Serbia
14. Prof. Dr. Boban Melovic, Ph.D., Vice-Dean for international cooperation, Faculty of Economics Podgorica, University of Montenegro

## Moderators

**First session: Business logistics and business administration**
Natasha Miteva, PhD, Vice-Dean for Education, Faculty of Tourism and Business Logistics, Goce Delcev University – Stip, N. Macedonia

**Second session: Tourism, hospitality and gastronomy**
Natasha Miteva, PhD, Vice-Dean for Education, Faculty of Tourism and Business Logistics, Goce Delcev University – Stip, N. Macedonia

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

**GOCE DELCEV UNIVERSITY OF STIP**

**ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА**

**FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS**

ПЕТТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

FITH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

**ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО ТУРИЗМОТ И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО 21 ВЕК**

**CHALLENGES OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS IN THE 21ST CENTURY**

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
# CONFERENCE PROCEEDINGS

30 април, 2022, Штип / Shtip,April 30th, 2022

# Содржина – Contents


**СЕСИЈА: БИЗНИС ЛОГИСТИКА И БИЗНИС АДМИНИСТРАЦИЈА .................. 15**

**SESSION: BUSINESS LOGISTICS & BUSINESS ADMINISTRATION ..................... 15**

OPTIMAL LINEAR AND NON-LINEAR LABOR INCOME TAXATION: A CRITICAL SURVEY ........ 16

HOW BUSINESS IMITATION HELPS COMPANIES ESPECIALLY DURING PANDEMIC CRISES ........ 33

LABOUR MARKET, UNEMPLOYMENT AND COMPANIES: OVERVIEW OF THE SITUATION IN N. MACEDONIA DUE TO COVID-19 CRISIS ........ 43

EMOTION SYSTEM AS A SUB-SYSTEM OF PERSONALITY ........ 52

ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО УСЛОВИ НА КОВИД ПАНДЕМИЈА: НОВИ ПРАКТИКИ, СТРАТЕГИИ И ПОЛИТИКИ ........ 58

УПРАВУВАЊЕ СО МИГРАНТСКИТЕ ТЕКОВИ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА СОГЛАСНО ЧЛЕН 79 ОД ДОГОВОРОТ ОД ЛИСАБОН ........ 66

КРИМСКИ КУЛТУРНО-ДИПЛОМАТСКИ КРСТОПАТИ ВО 21 ВЕК ........ 78

ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА НА ЛОГИСТИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ – ПЕРСПЕКТИВИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........ 89

THE CAPITAL MARKET AS A DRIVER OF ECONOMIC GROWTH-WITH AN EMPHASIS ON INSTITUTIONAL INVESTORS INVESTMENTS ........ 101

RFID ТЕХНОЛОГИЈА ВО МАГАЦИНСКОТО РАБОТЕЊЕ ........ 109

МЕНАЏИРАЊЕ НА ЧОВЕЧКИРЕ РЕСУСИ ВО МАЛИТЕ; СРЕДНИ И ГОЛЕМИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........ 120

**СЕСИЈА: ТУРИЗАМ, УГОСТИТЕЛСТВО И ГАСТРОНОМИЈА ......................... 127**

**SESSION: TOURISM, HOSPITALITY & GASTRONOMY ........................................ 127**

THE TOURISM BRAND OF THE MUNICIPALITY OF CRAIOVA – THE MUSEUM TOURISM ........ 128

ПРЕДЛОГ ТУРИСТИЧКА РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА НА Р.С. МАКЕДОНИЈА ........ 144

COPING WITH SEASONALITY: EXPLORATORY STUDY OF TOURISM IN OHRID ........ 159

QUALITY OF GASTRO TOURIST OFFER DURING COVID-19 - PREDICTIONS FROM RURAL HOUSEHOLDS OF VOJVODINA ........ 168

IMPACT OF CUSTOMER SATISFACTION ON CUSTOMER LOYALTY IN A RESTAURANT ........ 178

ECONOMIC EFFECTS OF CONGRESS TOURISM: TWO- STEP CLUSTER APPROACH ... 185

УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИ АПАРТМАНИ ВО РУРАЛНА ПЛАНИНСКА СРЕДИНА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........ 193

ЗАДОВОЛСТВОТО И НЕЗАДОВОЛСТВОТО НА ПОСЕТИТЕЛИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ТУРИСТИЧКИОТ ПРЕСТОЈ ........ 206

ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ ЗА ВРЕМЕ НА ТУРИСТИЧКИОТ ПРЕСТОЈ ........ 220

УПРАВУВАЊЕ СО ЗАДОВОЛСТВОТО НА ГОСТИТЕ ВО РЕСТОРАНОТ ........ 236

КАРАКТЕРИСТИКИ НА ГАСТРОНОМИЈАТА ВО ИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА РС МАКЕДОНИЈА........................................................................................................................ 246

ХОТЕЛИТЕ И ТУРИСТИЧКИТЕ АГЕНЦИИ КЛУЧНИ ЗА РАЗВОЈОТ НА РЕЦЕПТИВНИОТ (ДОЈДОВЕН) ТУРИЗАМ ВО ТЕТОВСКИОТ РЕГИОН ........................................................ 251

ВЛИЈАНИЕТО НА КОВИД-19 ВРЗ ТУРИСТИЧКИТЕ ДВИЖЕЊА ВО АНАМОРАВА-КОСОВО ........................................................................................................................ 261

МЕТОДИ И КРИТЕРИУМИ НА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ТУРИЗМСКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ. 266

Петта Меѓународна Научна Конференција
ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО ТУРИЗМОТ И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО 21 ВЕК »ISCTBL 2022«
Fifth International Scientific Conference
CHALLENGES OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS IN THE 21ST CENTURY »ISCTBL 2022«

**UDK 334.72]:616.98:578.834}-036.21**

# ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО УСЛОВИ НА КОВИД ПАНДЕМИЈА: НОВИ ПРАКТИКИ, СТРАТЕГИИ И ПОЛИТИКИ

**Марија Магдинчева-Шопова[1], Анета Стојановска-Стефанова[2]**

[1]*Вонреден професор, Универзитет "Гоце Делчев", e-mail:* marija.magdinceva@ugd.edu.mk

[2]*Доцент, Универзитет "Гоце Делчев"-Штип, E-mail адреса:* aneta.stojanovska@ugd.edu.mk

**Апстракт**

Со појавата на вирусот Ковид-19 и пандемијата на светско ниво се предизвикаа значителни промени во севкупниот живот и работа на луѓето и претпријатијата. Мерките за ограничувањата на движењето на луѓето заради безбедносни причини, заштита на личното здравје и ширење на вирусот, од своја страна предизвикаа и ограничувања и рестрикции во работата на претпријатијата. Во услови на ограничено движење и опасност од заразно заболување, можностите за работа станаа ограничени, па голем број претпријатијата и прекинаа со работа. Токму, лошите услови во окружувањето, неизвесноста и секојдневните промени предизвикани од пандемијата, ги поттикнаа претприемачите да имплементираат нови практики во работењето. Новите практики кои ги применуваат претприемачите се поврзани со зголемениот степен на примена на дигитализацијата во работењето на претпријатијата, практикување на работа од дома за работата која може да се извршува од далечина, креирање на онлајн работни состаноци за потребите на компаниите, воведување на интернет продажба и практикување на придобивките од примена на социјалните медиуми во процесот на комуникација и промоција. Поради тоа, предметот на истражување во овој труд се фокусира кон согледување на видот на промените во организацијата на работата и практиките кои ги применуваат претприемачите за да се прилагодат на новонастаната состојба предизвикана од Ковид-19 пандемијата. Во заклучокот од трудот ќе бидат презентирани согледувања и препораки за потребата од примена на современо претприемништво во работата на компаниите, преку имплементирање на нови потфати и стратегии во работата на претприемачите.

***Клучни зборови:*** *Ковид пандемија, претприемништво, стратегии, политики, практики*
**JEL classification:** K38; D63; F53; Z18;

## Вовед

Дваесет и први век донесе многу нови предизвици за компаниите. Во секојдневните услови за работа, компаниите се соочуваат со динамични промени кои понекогаш водат до радикални (коренити) промени во практиките кои до тогаш ги имале во својата работа. Менаџментот претставува многу сложена наука која што секојдневно се стреми кон имплементирање на нови практики со цел да се олесни донесувањето на одлуки во различни ситуации од аспект на работњето на претпријатијата и да се ослесни секојдневното работење. [1] Појавата на вирусот Ковид-19 во 2020 година и прогласувањето

[1] Wren D.A.& Bedeian A.G. (2009), *The evalution of Management thought 6$^{th}$ Edition*, New York Wiley, pp.43-58

на пандемијата во глобални рамки, беа дополнителен тригер за менување и внесување на новитети во процесот со раководење на бизнисите.

Бројките за перспективите на економијата во светот забрзано се влошуваа од стартот на пандемијата и само ги потврдуваа очекувањата на експерите за големото негативно влијание на глобалната економија.
Ковид пандемијата наметна потреба од брзи и координирани мерки на политиките на национално и глобално ниво.

Мултилатералната соработка побарува силно мултилатерално лидерство кое подразбираше пореба од брзо делување и превземање на конкретни мерки:

- да се ограничат директните влијанија на Ковид-19 врз здравјето на работниците и нивните семејства и
- да се ублажат индиректните економски последици на глобално ниво.

Хуманата димензија односно заштитата на работниците и нивните семејства од ризикот од заразување се очекуваше да биде поставен како главен приоритет на компаниите.

Воведувањето на мерките за заштита од вирусот Ковид-19 водеше кон значителни промени во севкупниот живот и работа на луѓето и компаниите. Задолжително почитување на мерките и ограниченото движење на луѓето, ги принуди претприемачите да се прилагодат на новите услови за работа. Прилагодувањето кон новите услови за работа, бараше почитување на мерките кои беа или сеуште се воведени, а со цел да се намали ширењето на пандемијата. Рестриктивните мерки и политики предизвикаа промени кои се изразија со намалена физичка социјализација, неможност за излегување од дома во одредени часови, ограничено движење, намалено работно време и во најлош случај затварање на претпријатијата.

Новите економски услови ја наметнаа потребата компаниите да ја променат традиционалната организација и структура на работа, а развојот на информационите и комуникациска технологија овозможи појава на нови организациски структури кои се разликуваат од оние кои се базирани на статичкиот концепт.[2] Поради тоа од голема важност за претприемачите денес е континуираното воведување на нови практики кои се соодветни за моменталната состојба. Современиот концепт на претприемништво се поврзува токму со претпријатијата кои постојано се подготвени да ги препознаат можностите и имаат потенцијал и способност да ги искористат ограничувањета, преку процес на брзо прилагодување на новонастанатата состојба.

Целта на овој труд е да ја истражи основната хипотеза дека кризата предизвикана од Ковид - 19 негативно влијаеше на работата на компаниите и посебните хипотези дека:

- Под влијание на ковид кризата претприемачите воведоа нови практики во работењето,
- Ковид-19 го поттикна процесот на воведување иновации во управувањето, примена на интернетот во редовното работење и дигитализација на поголем број од работните процеси и
- Во услови на пандемија традиционалната цел за економски раст кај компаниите е заменета со нова современа цел за одржлив развој.

**Преглед на литературата**

[2] Лукиќ А, Новоиќ М., (2021), *Accounting and audit in theory and practice*, Бања Лука Колеџ, 2021, стр.79

Литературата ориентирана кон претприемништво отсекогаш истакнувала дека ризикот и неизвесноста многу влијаат на активноста на секој претприемач. Во контекст на пандемијата предизвикана од Ковид-19, исто така, се потврди и дека ризиците и неизвесноста не можат целосно да се предвидат.
Единствената преостаната алтернатива во услови на криза се состои во прилагодување на новите трендови и барања на пазарот на кој работат.

Сепак, фактот што многу менаџери не ги вклучија пандемиите како фактор на ризик е донекаде изненадувачки со оглед на тоа што пандемиите и појавата на болести не се нови феномени, тие се случија во помали размери во 2000-тите со вирусите САРС, Х1Н1, Ебола и Зика, и во големи размери неколку пати во 1900-тите и во претходните периоди [3].
Ризикот и неизвесност произлезени од пандемијата, почнаа да ја поттикнуваат способноста за примена на иновации и за примена на субјективното знаење на менаџерите.

Промените кои како резултат на пандемијата Ковид-19 настанаа во социјалниот и економскиот контекст, исто така влијаеја на преференциите и однесувањето на потрошувачите. Дополнително влијание на некои претприемачки активности предизвикаа и регулативите кои почнаа да се применуваат, националните ограничувања и изолацијата. Социјалните мрежи и онлајн забавните активности добија на значење, а некои традиционални навики кај потрошувачите се заменија со нови побарувања ориентирани кој он лајн пазарењето. Светското ширење на пандемијата од Ковид - 19 предизвика дискусии за тоа дали може да се преориентираат купувачите и набавката на стоки и услуги да се одвива со помош на е - трговија. Така, потрошувачите ги заменија продавниците, супермаркетите и трговските центри со онлајн портали и други шопинг апликации, за купување најразлични производи почнувајќи од основни производи до познати брендови [4].

Во иднина за да се задржи позитивниот тренд за интерес кон онлајн услугите потребно е компаниите да размислуваат за онлајн реклама како би ја направиле својата понуда достапна на побарувачката, но и да се работи на потткнување на довербата кај корисниците преку потврда на безбедноста на направените трансакции[5].

Galindo-Martín et all. (2021) ги анализираат факторите кои го фаворизираат претприемништвото во ситуацијата со пандемијата Ковид-19 и ја истражуваат врската помеѓу претприемништвото и одржливиот развој. Тие разгледуваат неколку фактори: монетарни, фискални, конкурентност и деловни очекувања[6].

Chaturvedi R & Karri A (2022) ги истакнуваат главните пречки кои влијаат на компаниите во услови на пандемија, а во групата на бариери ги вбројуваат: организациската

---

[3] Schroeder, B. (2020, April 9). Startup Opportunities Coming Out Of The Pandemic—Some Are Opportunistic, Others Will Be Here For A Long Time. Retrieved from Forbes: https://www.forbes.com/sites/bernhardschroeder/2020/04/09/startupopportunities-coming-out-of-the-pandemic-some-are-opportunisticothers-will-be-here-for-a-long-time/#10e55c489350, last accessed March 29 2021

[4] Gokila, Dr. V. Gokila, (2021), *A Study on the Growth of E - Commerce during COVID - 19*, link: https://ssrn.com/abstract=3828398 or http://dx.doi.org/10.2139/ssrn.3828398, last accessed August 8, 2021

[5] Stojanovska-Stefanova, Aneta and Magdinceva Sopova, Marija and Runcheva-Tasev, Hristina (2021) *Социо-економското влијание на Ковид-19: Македонскиот случај со развој на е-трговијата.* Challenges of tourism and business logistics in the 21st century - ISCTBL 2021-Conference Proceedings, 4 (1). pp. 86-99. ISSN 978-608-244-824-4

[6] Miguel-Ángel Galindo-Martín, María-Soledad Castaño-Martínez, María-Teresa Méndez-Picazo, Effects of the pandemic crisis on entrepreneurship and sustainable development, *Journal of Business Research*, Volume 137, 2021, Pages 345-353, ISSN 0148-2963

подготвеност, инфраструктурната поддршка од владата, технолошката несоодветност и финансиските кризи. Главните стратегии на сопствениците на компаниите за надминување на бариерите во организациската подготвеност, според нив се однесуваат на финансиската криза за маркетинг, на стратешкото вмрежување на производите и услугите, и на технолошката неспособност поврзана со дигитализацијата[7].

Некои автори закрепнувањето на економијата во услови на пандемија го поврзуваат со климатските промени и нивното влијание. Galindo-Martín et all. (2020) потенцира дека во постигнувањето на закрепнување на економијата, претприемништвото е исто така фактор што треба да се земе предвид бидејќи активностите насочени кон подобрување на животната средина претставуваат деловна можност. Разгледувањето на еколошките проблеми создадени во економиите и намерата да не се наштети на состојбата за идните генерации доведе до замена на традиционалната цел за економски раст, со нова современа цел за одржлив развој[8]. Hall et all (2010) потенцира дека претприемништвото е препознаено како главен канал за одржливи производи и процеси, а новите потфати се како лек за многу социјални и еколошки проблеми[9].
Исто така, деловните очекувања се дополнителен фактор што треба да се земе предвид. Во оваа смисла, се очекуваше дека ќе генерира позитивен ефект на краток рок, со помал број на инфекции и соодветно помало затворање, што ќе доведе до зголемување на побарувачката. Сепак треба да се земе предвид и улогата што ја игра фискалната политика во генерирањето на очекувањата[10]. Експанзивната фискална политика ќе ја зголеми побарувачката, генерирајќи позитивни очекувања и стимулирајќи ја претприемничката активност.

## Пандемијата како поттикнувач на нови потфати во работата на претприемачите

Глобалната здравствена криза предизвикана од влијанието на вирусот Ковид-19 на некој начин ги поттикна претприемачите да го забрзат процесот на имплементирање на нови практики во работењето и да воведат изразени промени во работењето, со цел брзо да се прилагоди работењето на компанијата кон новонастанатите промени во бизнис окружувањето. Успешното работење претставува основна цел за претприемачите, а при изменетите услови за работење предизвикани од влијанието на глобалната здравствена и економска криза, остварувањето на истата кај дел од претприемачите беше поставена како предизвик и нова можност. Бизнисите генерално се соочуваат со голем број предизвици, вклучувајќи го и спроведување на потребните мерки за заштита на здравјето, намалено производство и побарувачка и прекини во синџирот на снабдување.[11] Во услови на глобална здравствена и економска криза претприемачите се насочени кон надминување на затекнатата состојба преку брзо реагирање и одлучување. Со цел да се решат новонастанатите проблеми, претпријатијата прифаќаат практики и процеси на управување

[7] Chaturvedi R, Karri A. Entrepreneurship in the Times of Pandemic: Barriers and Strategies. *FIIB Business Review*. 2022;11(1):52-66. doi:10.1177/23197145211043799

[8] M.A. Galindo-Martín, M.S. Castaño-Martínez, M.T. Méndez-Picazo, ***The relationship between green innovation, social entrepreneurship, and sustainable development,*** Sustainability, 12 (11) (2020), 10.3390/su12114467

[9] J.K. Hall, G.A. Daneke, M.J. Lenox, ***Sustainable development and entrepreneurship: Past contributions and future directions,*** Journal of Business Venturing, 25 (5) (2010), pp. 439-448, 10.1016/j.jbusvent.2010.01.002

[10] Miguel-Ángel Galindo-Martín, María-Soledad Castaño-Martínez, María-Teresa Méndez-Picazo, Effects of the pandemic crisis on entrepreneurship and sustainable development, Journal *of Business Research*, Volume 137, 2021, Pages 345-353, ISSN 0148-2963

[11] Kraus S.at all. (2020), *The economics of COVID-19: initial empirical evidence on how family firms in five European countries cope with the corona crisis*, International Journal of Entrepreneurial Behavior & Research Vol. 26 No. 5, 2020 pp. 1067-1092, www.emeraldgrouppublishing.com/licensing/reprints.htm

различни од веќе применуваните и се насочуваат кон практики соодветни на ново настанатата состојба. Претприемачите одлучуваат брзо каде и како да ги прераспределат ресурсите. Дополнително, менаџментот на претпријатијата се насочува да создава нови производи и услуги и радикално да се прилагоди на новонастанатата ситуација.[12]

Најзастапена нова практика за управување со активностите на претпријатијата во услови на Ковид пандемија претставува т.н. ИТ менаџмент. Успехот во работата на претпријатијата во денешни услови зависи од навременоста и точноста на информациите кои се достапни на претприемачот во процесот на одлучување. Управувањето со информации не е нов концепт. Имено, менаџментот на различните видови бизниси и претпријатија секогаш има потреба да биде навремено информиран за состојбата и процесите кои се реализираат во самото претпријатие. Но, обемот на достапни информации, средствата за собирање информации, начинот и методите за обработка на информациите во услови на пандемија се променети.

Развојот во управувањето со информации, но и забрзаната дигитализација на поголем број од работните процеси со претпријатијата бара примена на практиката на употребата на големи податоци. Големите податоци потекнуваат од различни извори вклучително и различни видови социјални медиуми.

Користењето на ИТ алатките во работата на претпријатијата датира уште во раните 1980-ти години кога претпријатијата ги воведуваат компјутерите во работата, со цел да полесно да ги извршуваат работните активности, да ја унапредат евиденцијата за работењето на претпријатието, извршување и подготвување на сметководствената евиденција. Ковид пандемијата ги поттикна претпријатијата на забрзано воведување на дигитализацијата во сите сегменти на работа. Тоа придонесе претпријатијата да ги напуштат старите начини на работа и да се насочат на работа преку интернет и дигитални платформи. Примената на дигитализацијата во работата претставува позитивна промена, бидејќи создава неограничени можности за работа. Сепак зголеменото и доминантно користењето на информациско-комуникациската технологија не беше единствената промена, во овој ковид сет на алатки, компаниите вклучија и други алатки.

## Влијанието на Ковид пандемијата врз претприемништвото

Кризата веќе се претвори во шок врз економијата и пазарите на трудот, при што влијае не само на понудата (производство на стоки и услуги), туку и на побарувачката (потрошувачка и инвестиции).[13] Ковид кризата и пандемијата на глобално ниво придонесе за промени во приоритетите на работа на претприемачите. Сето тоа ја наметна потребата од тековно решавање на секојдневните проблеми во работењето. Брзото решавање на проблемите е предуслов за успешно работење. Успешното работење претставува приоритетна цел на менаџментот на претпријатијата, а изменетите услови за работење предизвикани од влијанието на вирусот Ковид-19 претставуваат предизвик за менаџментот на малите и средни претпријатија.[14] Продолженото времетраење на Ковид пандемијата ги поттикна претприемачите да воведат нови практики во работата и го забрза процесот на воведување на нови форми на работа. Преку практиките се овозможува

[12] Akkermans, J., Richardson, J., and Kraimer, M. (2020). The COVID-19 crisis as a career shock: Implications for careers and vocational behavior. *Journal of Vocational Behavior*, *119*. https://doi.org/10.1016/j.jvb.2020.103434

[13] Baldwin, R. and B.W. Di Mauro (2020), *Economics in the Time of Covid-19*, https://voxeu.org/content/economics-time-covid-19), пристапено на 25.03.2022

[14] Magdinceva-Sopova, Marija and Stojanovska-Stefanova, Aneta and Postolov, Kiril (2020) *Impact of Covid-19 on human resources in small and medium enterprises: the case of Macedonia.* International Journal Knowledge. ISSN 1857-923X, pp.1-17

континуитет во решавањето на одредени проблеми односно постапување на ист начин во дадена ситуација. Поради долгиот временски период на траење на пандемијата, од крајот на 2019-та година, претприемачите се соочуваат со сериозни проблеми од финансиска природа. Намалувањето на потрошувачката како резултат на воведените ограничувања влијаеше директно на приходите на претпријатијата. Исто така, ограничувањата на меѓународните движења и затворањето на границите создаде големи тешкотии во набавката и навремената испорака на суровините и производите. Изразени потешкотии во прилагодувањето на пандемската состојба имаат малите претпријатија во споредба со средните и големи претпријатија заради нивната мала големина и ограничени ресурси, што претставува ограничувачки фактор за брзо прилагодување на промените во окружувањето. Сепак, најбезбеден начин за надминување на негативните ефекти од кризата претставува реорганизација на работните процеси и воведување на концептот работа од далечина. Реорганизација на работните простори во претпријатијата се јавува како резултат од примената на правилата за почитување на одредено растојание. Овие правила несмонено придонесоа кон реорганизација на работните простории. Како резултат на Ковид пандемијата, кај производствените претпријатија се забележува работа со намален капацитетот, скратено работно време, работа со намален број на вработени (отсуство на вработените поради заболување, отсуство поради изолација, отсуство поради намалена побарувачка и сл.) Епидемијата и економските кризи можат да имаат несразмерно влијание врз одредени сегменти на населението, што може да предизвика зголемување на нееднаквоста.[15] Неочекуваната Ковид пандемија и мерките за одржување на растојание помеѓу вработените, социјалната дистанца, воведувањето на самоизолација и затварањето на претпријатијата доведе до нови практики во организацијата на работата. Голем број претприемачи воведуваат приоритети во работата, при што се фокусираат само на најважните активности или проекти, кои може да се реализираат со работа од далечина или работа од дома. Работата од далечина или работата од дома е овозможена како резултат на високиот степен на автоматизацијата и дигитализација на работните процеси и можноста за контрола на работните процеси од далечина. Претпријатијата имаат потреба од наменска финансиска помош насочена кон редизајнирање на работните процеси заради прилагодување на промените во работно опкружување. Со имплементација на подобрени производствени процеси, претпријатијата може да одговорат на новото опкружување во кое застапеноста на **дигитализацијата е неопходен начин за одржување континуитет на деловните активности. Ковид пандемијата ги принуди комапниите да се прилагодат на** социјалните практики за дистанцирање поради што претприемачите воведоа начини на работа базирани на дистанцирање. Трансферирањето на работните процеси од физичко присуство со работа од далечина и виртуелни процеси, денес претставува неопходна нова практика во работењето на претпријатијата.

## Заклучок

Глобалната здравствена и економска криза предизвикана од вирусот Ковид-19 покрај многу бројните негативни ефекти придонесе за неизвесност од аспкет на потрошувачката и инвестициите кај сите субјекти во бизнис окружувањето, како што се потрошувачите, различните видови претпријатија, инвеститори и финансиски институции.

Покрај акутните проблеми поврзани со здравјето на работниците и нивните семејства, вирусот и последователните економски шокови ќе влијаат врз светот на работата во три клучни димензии:

1) Квантитетот на работните места (невработеноста и недоволната ангажираност);

[15] Lee, A. and J. Cho, (2016), *The impact of epidemics on labor market: identifying victims of the Middle East Respiratory Syndrome in the Korean labour market*. Int J Equity Health. 2016; 15: 196

2) Квалитетот на работата (на пример, платите и пристапот до социјална заштита); и
3) Ефектите врз конкретни групи што се поранливи на неповолни исходи на пазарите на трудот.[16]

Глобалната здравствена и економска криза предизвикана од влијанието на вирусот Ковид -19, освен органичувања и негативни ефекти создава одредени можности со кои се соочуваат претприемачите. Понатаму, кризните ситуации доаѓаат заедно со неочекувани предизвици кои обично бараат брзо и одлучно стратегиско одлучување.[17]

Потребни се подлабоки институционални реформи и реформи на политиките за зајакнување на закрепнувањето предводено од побарувачката и градење отпорност преку силни и универзални системи за социјална заштита што можат да дејствуваат како автоматски економски и социјални стабилизатори во услови на кризи. Ова, исто така, ќе придонесе за обновување на довербата во институциите и владите. Трипартитниот социјален дијалог меѓу владите и организациите на работниците и работодавачите претставува клучна алатка за развивање и спроведување одржливи решенија, од ниво на заедница до глобално ниво. За ова се потребни силни, независни и демократски организации како социјални партнери. Големата рецесија и другите кризи покажаа дека можеме да го спречиме ризикот од запаѓање во маѓепсан круг во надолна линија единствено со помош на опсежни, координирани и решителни мерки на политиките[18]. Продолжувањето на времетраењето на пандемијата и ограничувањата во движењето, придонесе за негативни ефекти и појави во работата на претпријатијата. Откривањето на нови практики и начини за подобрување на резултатот од работењето на претпријатијата е една од најважните активности на претприемачите за подобрување на процесот на менаџирање. Од голема важност за претприемачите е способноста да применуваат нови практики во управувањето со претпријатијата.

Менаџментот претставува наука која континуирано практикува нови методи и практики во своето работење. Глобалната пандемија предизвикана од вирусот Ковид-19 го поттикна процесот на воведување иновации во менаџмент практиките како што се примена на интернет во редовното работење и дигитализација на поголем број од работните процеси. Ова предизвика многу мали и средни претпријатија да имплементираат современи практики во своето работење и го наметна заклучокот дека претприемачите треба секогаш да бидат насочени кон имплементирање на иновации во управувањето и кон стратегии кои го подобруваат и поедноставуваат работењето, но истовремено ја јакнат одговорноста за брзо прилагодување и продолжување на работата во услови на криза предизвикана од пандемија.

Традиционалните цели кај претприемачите во услови на криза се редизајнирани и во иднина тие ќе треба да работат на остварување на одржлив развој со кој ќе ја осигураат својата развојна иднина.

---

[16] International Labour Organization, (2020), *Ковид-19 и светот на работата: влијанија и мерки*, достапно на: https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---europe/---ro-geneva/---sro-budapest/documents/briefingnote/wcms_744850.pdf, последен пат пристапено на 26.03.2022

[17] Ritchie, B.W. (2004), "*Chaos, crises and disasters: a strategic approach to crisis management in the tourism industry"*, Tourism Management, Vol. 25 No. 6, pp. 669-683

[18] International Labour Organization, (2020), *Ковид-19 и светот на работата: влијанија и мерки*, достапно на: https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---europe/---ro-geneva/---sro-budapest/documents/briefingnote/wcms_744850.pdf, последен пат пристапено на 28.03.2022

**Користена литература**

1. Akkermans, J., Richardson, J., and Kraimer, M. (2020). The COVID-19 crisis as a career shock: Implications for careers and vocational behavior. *Journal of Vocational Behavior*, 119. https://doi.org/10.1016/j.jvb.2020.103434
2. Baldwin, R. and B.W. Di Mauro (2020), *Economics in the Time of Covid-19*, https://voxeu.org/content/economics-time-covid-19, последен пат пристапено на 28.03.2022
3. Chaturvedi R, Karri A. Entrepreneurship in the Times of Pandemic: Barriers and Strategies. *FIIB Business Review*. 2022;11(1):52-66. doi:10.1177/23197145211043799
4. Gokila, Dr. V. Gokila, (2021), *A Study on the Growth of E - Commerce during COVID - 19*, link: https://ssrn.com/abstract=3828398 or http://dx.doi.org/10.2139/ssrn.3828398, last accessed August 8, 2021
5. International Labour Organization (2020), *Ковид-19 и светот на работата: влијанија и мерки*, достапно на: https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---europe/---ro-geneva/---sro-budapest/documents/briefingnote/wcms_744850.pdf, последен пат пристапено на 26.03.2022
6. J.K. Hall, G.A. Daneke, M.J. Lenox, ***Sustainable development and entrepreneurship: Past contributions and future directions***, Journal of Business Venturing, 25 (5) (2010), pp. 439-448, 10.1016/j.jbusvent.2010.01.002
7. Kraus S.at all. (2020), *The economics of COVID-19: initial empirical evidence on how family firms in five European countries cope with the corona crisis*, International Journal of Entrepreneurial Behavior & Research Vol. 26 No. 5, 2020 pp. 1067-1092, www.emeraldgrouppublishing.com/licensing/reprints.htm
8. M.A. Galindo-Martín, M.S. Castaño-Martínez, M.T. Méndez-Picazo, ***The relationship between green innovation, social entrepreneurship, and sustainable development***, Sustainability, 12 (11) (2020), 10.3390/su12114467
9. Magdinceva-Sopova, Marija and Stojanovska-Stefanova, Aneta and Postolov, Kiril (2020) *Impact of Covid-19 on human resources in small and medium enterprises: the case of Macedonia.* International Journal Knowledge. ISSN 1857-923X, pp.1-17
10. Miguel-Ángel Galindo-Martín, María-Soledad Castaño-Martínez, María-Teresa Méndez-Picazo, Effects of the pandemic crisis on entrepreneurship and sustainable development, *Journal of Business Research*, Volume 137, 2021, Pages 345-353, ISSN 0148-2963
11. Ritchie, B.W. (2004), *"Chaos, crises and disasters: a strategic approach to crisis management in the tourism industry"*, Tourism Management, Vol. 25 No. 6, pp. 669-683
12. Schroeder, B. (2020, April 9). Startup Opportunities Coming Out Of The Pandemic—Some Are Opportunistic, Others Will Be Here For A Long Time. Retrieved from Forbes: https://www.forbes.com/sites/bernhardschroeder/2020/04/09/startupopportunities-coming-out-of-the-pandemic-some-are-opportunisticothers-will-be-here-for-a-long-time/#10e55c489350, last accessed March 29 2021
13. Stojanovska-Stefanova, Aneta and Magdinceva Sopova, Marija and Runcheva-Tasev, Hristina (2021) *Социо-економското влијание на Ковид-19: Македонскиот случај со развој на е-трговијата.* Challenges of tourism and business logistics in the 21st century - ISCTBL 2021- Conference Proceedings, 4 (1). pp. 86-99. ISSN 978-608-244-824-4
14. Wren D.A.& Bedeian A.G. (2009), *The evolution of Management thought 6th Edition*, New York Wiley, pp.43-58
15. Лукиќ А, Нововиќ М. (2021), *Accounting and audit in theory and practice*, Бања Лука Колеџ, 2021, стр.79